**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Крсте Мисирков б.б. 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811


Бр. 08-1946/2
25-12-2015
Скопје

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, член 49 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на својата 61. редовна седница одржана на ден 16.12.2015 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

I

Се укинува условеноста по предметите од англиска книжевност кои не се жанровски поврзани на студиската програма по англиски јазик и книжевност за студиските програми 2008/2009, 2009/2010 и 2013/2014 година започнувајќи од јануарската испитна сесија 2015/2016 година.

Односно, жанровски се поврзани следните предмети:

1. Полагањето на предметот Англиска книжевност 7 (драма) е условен со положен предмет Англиска книжевност 1 (драма)
2. Полагањето на предметот Англиска книжевност 8 (драма) е условен со положен предмет Англиска книжевност 1 (драма)

Предметите Англиска книжевност 7 и Англиска книжевност 8 не се условени.

3. Полагањето на предметот Англиска книжевност 4 (поезија) е условен со положен предмет Англиска книжевност 2 (поезија).
4. Полагањето на предметот Англиска книжевност 5 (поезија) е условен со положен предмет Англиска книжевност 4 (поезија).
5. Полагањето на предметот Англиска книжевност 6 (роман) е условен со положен предмет Англиска книжевност 3 (роман).

Образложение

Катедрата за англиски јазик и книжевност достави барање за укинување на условеноста по предметите од англиска книжевност кои не се жанровски поврзани на студиската програма по англиски јазик и книжевност за студиските програми 2008/2009, 2009/2010 и 2013/2014 година започнувајќи од јануарската испитна сесија 2015/2016 година за да им се овозможи на студенти поефективно исполнување на обврските согласно студиските програми.

II

Согласно горе изнесеното Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на својата 61. редовна седница донесе Одлука како во диспозитивот.

III

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

IV

Примерок од Одлуката да се достави до продеканот за настава, Раководителот на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Отсекот за студентски прашања, ЕКТС координаторот на Факултетот, Отсекот за општи, правни и персонални работи и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Славица Велева

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ
Бул. Крсте Мисирков б.б. 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 08-1946/3
25-12-2015
Скопје

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, член 49 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на својата 61. редовна седница одржана на ден 16.12.2015 година ја донесе следната

О Д Л У К А

I

Се укинува условеноста по предметите по предметите Историја на англискиот јазик и Психолингвистика на студиската програма по англиски јазик и книжевност за студиските програми 2009/2010 и 2013/2014 година започнувајќи од јануарската испитна сесија 2015/2016 година.

Образложение

Катедрата за англиски јазик и книжевност достави барање за укинување на условеноста по предметите Историја на англискиот јазик и Психолингвистика на студиската програма по англиски јазик и книжевност за студиските програми 2008/2009, 2009/2010 и 2013/2014 година започнувајќи од јануарската испитна сесија 2015/2016 година за да им се овозможи на студенти поефективно исполнување на обврските согласно студиските програми.

II

Согласно горе изнесеното Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на својата 61. редовна седница донесе Одлука како во диспозитивот.

III

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

IV

Примерок од Одлуката да се достави до продеканот за настава, Раководителот на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Отсекот за студентски прашања, ЕКТС координаторот на Факултетот, Отсекот за општи, правни и персонални работи и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Славица Велева